РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комисија за заштита на правото за слободен пристап
до информациите од јавен карактер
Бр. 01-354/1
23.07. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр. 13/2006. 86/2008 и 10/2010), Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер на седницата одржана на 8 јули 2013 година, донесе

**ДЕЛОВНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**на Деловникот за работа на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 1**

Во Деловникот за работа на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер член 8 алинеја 2 се менува и гласи:

Комисијата на седница одлучува:

- кој член ќе биде задолжен да ги координира и реализира обуките за баратели и иматели на информации и издавачка дејност;
- кој член ќе биде задолжен да го следи спроведувањето на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и постапката по жалби и
- кој член ќе биде задолжен за организациона поставеност и информативно промовирање на работата на Комисијата и финансиските прашања.

**Член 2**

Во членот 9 став 2 последниот збор **"претседателот"** се заменува со зборот **"Комисијата"**.

**Член 3**

Во членот 10 алинеја 5 **се брише**.

Алинеја 6 станува алинеја 5.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 4**

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.---------**
**Јули 2013 година**

**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Пеце Трашевски, претседател**

Подготвил,
Цвета Трајковска